ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ И ИНФОРМИРАЊЕ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА **ЕКО-СВЕСТ**
Ул. Св. Кирил и Методиј 30/1-6, 1000 Скопје, Македонија
Тел: 02 3217 247 Факс: 02 3217 246
info@ekosvest.com.mk www.ekosvest.com.mk

## Координатор на грантова програма

Центарот за истражување и информирање за животната средина Еко-свест од Скопје отвара повик за ангажирање на грантов координатор.

Задолженијата на грантовиот координатор ќе бидат објаснети подолу во овој повик.

Повикот е отворен од 03.09.2021 година за сите заинтересирани лица кои ги исполнуваат барањата од повикот и ќе ги поднесат следните документи:

- Биографија (CV)
- Контакт информации до три референци
- Мотивациско писмо

Се бара 1 лице кое ќе ги задоволи барањата од повикот. Позицијата е на полно работно време.

### Прашања во врска со повикот

Сите прашања во врска со повикот слободно може да се поставаат на следната електронска адреса: elena@ekosvest.com.mk.

### Учество на повикот

Сите кандидати треба подготвената документација да ја пратат на следната електронска адреса: elena@ekosvest.com.mk. Повикот е отворен се додека не се пополни позицијата.

**Барања на повикот (TOR)**

**Општо за организацијата**

Еко-свест е здружение на граѓани основано на 18.09.2002 година. Во 2008 година, Еко-свест го менува својот назив во „Центар за истражување и информирање за животната средина Еко-свест" со цел најдобро да ја отслика својата дејност, мисија и визија.

Главната цел за формирањето на здружението лежи во потребата да се зголеми јавната свест за неопходноста од грижа за животната средина во Македонија, преку информирање, едуцирање и застапување.

Еко-свест од самиот почеток работи на темите тесно поврзани со заштитата на животната средина и тоа:

- одржлив транспорт;
- обновливи енергетски извори и енергетска ефикасност;
- одржливо управување со отпадот;
- заштита од хемикалии и тешки метали;
- заштита од генетски модифицирани организми.

Како хоризонтални прашања кои ги тангира организацијата, но и нејзини главни определби се информирањето на едукацијата на граѓаните во Македонија, учеството на јавноста во донесувањето одлуки од област на животната средина, транспарентното и отчетното работење на јавните институции, јавни пари за јавни придобивки, пристап до правда во област на заштита на животната средина.

Во својата работа, Еко-свест спроведува проекти, јавни кампањи, застапува одредени ставови поврзани со проблематиката и генерално информира врз база на спроведени анализи, истражувања и анкети.

Во своето досегашно работење, Еко-свест има спроведено над 40 проекти во Македонија и регионот.

Од 1 јуни Еко-свест започна имплементација на проект финансиран од СИДА во чии рамки се планира грантова шема за граѓански организации во висина од 400000 евра за период од 3 години.

Мисијата на Еко-свест е да истражува, информира и делува кон унапредување на јавните политики и навиките за одржливо живеење и заштита на животната средина.

Еко-свест поддржува и поттикнува граѓанска свесност и активно учество и промовира практични решенија во соработка со организации и институции.

Нашата визија е праведно, одговорно и совесно општество каде здрави граѓани одржливо живеат во благосостојба и во хармонија со животната средина.

**Квалификации и искуство**

Кандидатот треба да има завршено високо образование.

Да има минимум 3 годишно работно искуство во раководење со програми вклучувајќи и менаџирање и работа со податоци и подготвување на извештаи.

Потребно е да има одлични организаторски способности, способност за тимска работа и работа со крајни рокови.

Познавање на Англиски јазик е задолжително, како и работа на компјутери.

Потребно е да поседува возачка Б дозвола.

Пожелно е да поседува комуникациски и човечки вештини и способност за работа под притисок.

**Работни задачи**

- Координирање на имплементацијата на грантовите на дневна основа со цел да се исполнат индикаторите на проектот во согласност со утврдените рокови во рамките на одобрените буџети и работните планови;
- Планирање на активностите, организирање на средби со чинители, следење на критичните прашања, приоритетизирање на стратешките прашања и работење во насока на остварување на очекуваните резултати;
- Работењето во тесна соработка со координаторот на проектот и административниот и финансиски координатор во врска со прашањата поврзани со планирањето, поврзувањето на програмските и оперативните процеси и постигнувањето на планираните резултати;
- Финансиско, материјално и програмско следење и евалуација на грантовите, идентификација на оперативните и финансиските проблеми, изработка на решенија;
- Изработка на концепт за софтверско решение (веб апликација) за автоматизирано пријавување на апликантите на грантовата шема и управување со нивното известување, во таа смисла се очекува активно да соработува со софтверската компанија која ќе биде избрана;
- Навремена подготовка и поднесување на извештаи за напредокот и финансиските извештаи до проектниот координатор;
- Одржување врски со релевантните национални и меѓународни чинители;
- Извршување на работните задачи во согласност со политиките на Еко-свест.

**Позиција**

Позицијата за која се бара лицето е грантов координатор (1 лице) на Еко-свест. Позицијата е на полно работно време. Лицето би било пријавено на одредено време во склоп на активен проект на организацијата.

**Потребни документи**

- Биографија (CV)
- Контакт информации до три референци
- Мотивациско писмо

**Прашања во врска со повикот**

Сите прашања во врска со повикот слободно може да се постават на следната електронска адреса: elena@ekosvest.com.mk.

**Учество на повикот**

Сите кандидати треба подготвената документација да ја пратат на следната електронска адреса: elena@ekosvest.com.mk. Повикот е отворен се додека не се пополни позицијата.